РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
Бр. 04-669
16.10. 2019 год.

Врз основа на член 77- е и член 77 – ж од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15 и 39/16), член 23 став 4 од Законот за работни односи („Службен весник на РепубликаМакедонија“бр.62/05,106/08,161/08,114/09,130/09,16/10,50/10,52/10,124/10,47/11,11/12,39/12,13/13,25/13,до 120/18) ,член 13 став 2 точка 18 од Статутот на НУ „Македонски народен театар“ – Скопје – Пречистен текст бр. 02-547 од 05.04.2016 година и Записник бр. 04 – 660/3 од 04.10.2019 година, од Комисијата за вработување, а во врска со Одлука за објавување јавен оглас 04- 584 од 05.09.2019 година и оглас бр. 3/2019 од 07.09.2019 година, на 16.10.2019 година, директорот донесе

**ОДЛУКА ЗА НЕИЗБОР НА КАНДИДАТ**

1. По јавниот оглас бр.03/2019 од 07.09.2019 година, и спроведена постапка за вработување , на неопределено време, на работно место електричар не се избира кандидат.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

***ОБРАЗЛОЖЕНИЕ***

Врз основа на Согласност од Министерство за финансии за обезбедени финансиски средства за вработување на неопределено време на 1 (едно) лице, на работно место електричар, број 18-4864/2 од 19.06.2019 година , донесена е Одлука за објавување на јавен оглас бр. 04- 584 од 05.09.2019 година, за вработување на едно (1) лице на работно место електричар. Врз основа на одлуката објавен е јавен оглас број 3/2019 од 07.09.2019 година во дневните весници „Лајме“, „Вечер“ и „Нова Македонија“. По огласот, во архивата на НУ „Македонски народен театар“ Скопје, беа доставени 3( три) пријави. Комисијата за вработување формирана со решение бр. 04-607 од 17.09.2019 година, изврши административна селекција и проверка на веродостојност на доказите ,по што на интервју покани двајца од кандидатите. По извршеното интервју, Комисијата за вработување, констатира дека еден од кандидатите нема завршено соодветно стручно средно образование, додека другиот кандидат не покажа доволно стручно знаење, за исполнување на работните задачи кои би ги вршел на работното место електричар, а особено не покажал стручно знаење, во однос на специфичноста на театарската опрема со која располага театарот, Комисијата за вработување, од таа причина во записникот број 04-660/3 од 04.10.2019 година, во делот за предлог за избор на кандидат, му предложила на директорот, да не се изврши избор на пријавените кандидати. Согласно горенаведеното, и во врска со член 23 став 4 од Законот за работни односи, се донесе одлука како во диспозитивот.

***Правна поука***: Против оваа Одлука, незадоволниот кандидат може да поднесе приговор до Управниот одбор на НУ „Македонски народен театар“ во рок од 8 дена од приемот на истата.

Доставено до: - архива
до :- кандидатот

**Директор**
**Симона Угриновска**